СЛОБОДЕН ПЕЧАТ.









# Во Виена до 2025-та година ќе се возат само такси возила на електричен погон

Б.Б.
Пред 19 часа




*Такси возило во Виена/ Фото EPA/CHRISTIAN BRUNA*

И покрај тоа што досега уделот на електрични возила во Виена изнесува само еден процент, во австриската престолнина покренат е пилот проект кој согласно со сите регистрирани такси возила до 2025-та година, тие автомобили ќе бидат на електричен погон. Пилот проектот предвидува воведување флексибилни станици за полнењето на тие електрични автомобили, со што ќе се олесни преминот [...] технологија, пренесува Виена Онлајн.

За две годи[...] стојалишта[...]мени со техноло[...]к









НАЈНОВО НАЈЧИТАНО

1 мин ВИДЕО | Бухова: Сите медицински лица би...

2 мин Се поставува нова конструкција на...

15 мин Претседателот на Салвадор сам се нарече диктатор

25 мин МЕТЕО | Славчо Поповски најавува посвежо време

GmbH“ од Грац, со полесно полнење на возилата директно на штандот наместо на станицата за полнење.




Возилата се опремени со специјални додатоци на долниот дел од каросеријата. Со притискање на копче на таблата со инструменти во автомобилот, се поврзува со таблата за полнење на такси стојалиштето, пренесува Фена.

„Ова е меѓународен пионерски проект кој обезбедува можност за трајна промена во градскиот сообраќај. Префрлајќи се на електрични такси возила, и градот и жителите имаат корист. На овој начин, истовремено ги намалуваме штетните емисии и го подобруваме квалитетот на воздухот во градот“ , објаснува Петер Ханке, член на градската и провинциската влада, од одделот за финансии и економија.

Проектот е создаден во тесна соработка помеѓу Стопанските комори на Виена и Штаерска и енергетските компании „Виен енерџи” и „Енерџи Грац”. Wien Energie е задолжен за снабдување и испорака на зелена електрична енергија за новиот систем за полнење, а Австрискиот авто-мото и туринг клуб (ÖAMTC) и Хјундаи, исто така учествуваат во проектот.

#виена #такси возило #електричен автомобил

Сподели




X




27 мин Пендаровски: ЕУ треба да ја држи вратата отворена

ПРИКАЖИ ПОВЕЌЕ ВЕСТИ

## Препорачано

1 Се поставува нова конструкција на...

2 МЕТЕО | Славчо Поповски најавува посвежо време

3 УТРИНСКИ БРИФИНГ | Места во студентските домови им...

4 Сообраќајот умерен, нема подолги задржувања на...

5 Променливо облачно со сончеви периоди и посвежо

ПРИКАЖИ ПОВЕЌЕ ВЕСТИ